| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промените на природата во есен |
| **Содржина на денот** | Жолтиот лист раскажува |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема како и зошто е потребно да одржуваме физичко растојание со другарите надвор, во парк, во градинка и како да се поздравуваме без физички контакт ,и значењето на сето тоа. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со воведен разговор со детето за промените кои се случуваат во природата во есен. Направете кратка прошетка во околината, детето нека набљудува, а потоа поттикнете го да опише како изгледаат дрвјата во есен (стеблото, гранките, лисјата, какви се бои на лисја забележува итн. ). Мотивирајте го детето за слушање со внимание, а потоа прочитајте му го расказот „Приказна за жолтиот лист“, и додека го читате текстот, разгледувајте ги сликите, со цел подобро акустично и визуелно восприемање на истиот. Потоа, охрабрете го детето, со прашања и со помош на сликите, самостојно да го раскаже оној дел од текстот кој најмногу му се допаднал. Поттикнувајте го да користи правилни и целосни реченици. Дозволете му што повеќе слободно да опишува, со цел збогатување на говорното изразување и искажување на говорни целини од повеќе зборови, и стимулирање на самостојното осмислување на реченици. На овој начин кај децата се вежбаат претставите, помнењето, и поврзаниот логички говор .<br>( Користен е текстот „Приказна за жолтиот лист“ превод  М. Паунова).<br>Активноста можете да ја продолжите со следниве ликовни креативни содржини :<br>- На лист од блок нацртајте му на детето контура од есенски лист, кое ќе може да ја бои со темперни бои.<br>- Можете да правите отпечатоци од есенски лисја на подлога од |

| | |
|---|---|
| | пластелин или глинамол (слика бр.1).<br>- Од разни бои на есенски лисја може да направите „Есенско венче“.Потребно ќе ви биде хартиено чинивче чија средина ќе биде исечена, а на кругот-рамка на чинивчето со лепило ќе лепите лисја, и есенското венче можете да го закачите во домот. (слика бр. 2)<br>По завршувањето на активноста, задолжително пофалете го трудот на детето. |